MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr 10-8258/2
23-12-2025 год. / viti

Врз основа на член 157 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/21, 236/22, 65/23 и 192/25), Комисијата за обезбедување средства за социјални услуги од општините и другите даватели, формирана од министерот за социјална политика, демографија и млади објавува

ЈАВЕН КОНКУРС

За доделување средства на здруженија и приватни даватели на социјални услуги, за давање на социјални услуги

1. Вид на услуги:

Со овој Јавен конкурс се обезбедуваат средства за здруженија на граѓани и приватни даватели на социјални услуги за обезбедување на следниве услуги:

а) Услуги во домот:
- лична асистенција и
- помош и нега во домот

б) Услуги за вон-семејна заштита:
- Живеење со поддршка
- Сместување во установа за третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности

в) Услуги во заедницата

привремен престој
- Центар за жртви на семејно насилство
- Центар за жртви на родово-базирано насилство,
- Центар за жртви на трговија со луѓе

дневен престој
- Центар за дневен престој за деца во ризик
- Центар за дневен престој за лица со попреченост
- Центар за дневен престој за лица со попреченост со индивидуална работа
- Центар за рехабилитација и реинтеграција
- Центар за ресоцијализација
- Центар за дневен престој на стари лица
- Центар за дневен престој на стари лица со активно стареење
- Центар за дневен престој за бездомни лица

г) Услуги на стручна помош и поддршка



Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

д) Услуги на советување
- Примарни услуги на советување
- Секундарни услуги на советување
- Терцијарни услуги на советување

2. Висина на средства кои се доделуваат и временскиот период во кој ќе се даваат социјалните услуги

Министерството за социјална политика, демографија и млади, ќе обезбеди финансиска поддршка за спроведување на социјалните услуги согласно утврдениот капацитет на лиценцираните даватели на услугите во решението за давање на дозвола за вршење работа во социјалната заштита и согласно цената на услугите по корисник утврдена со Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка, за дневен престој, за привремен престој, на советување и одмена на семејна грижа за 2026 година, донесена од министерот за социјална политика, демографија и млади бр. 02-8269/1 од 22.12.2025 година, изготвена согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.264/19). За лиценцираните даватели на социјални услуги кои имаат склучено управен договор за 2025 година за социјалната услуга помош и нега во домот, во 2026 година ќе бидат обезбедени средства за истиот број на негуватели за кои биле претходно финансирани. Средствата ќе се обезбедуваат по корисник на месечна основа, за кој Центарот за социјална работа има издадено решение, во период 01.01.2026 година до 31.12.2026 година.

а)Услуги во домот:
Лична асистенција
- 389 денари на час по корисник
Помош и нега во домот
-409 денари на час по корисник

б) Услуги за вон-семејна заштита:
Живеење со поддршка
-44.780 денари месечно за живеење со 24 часовна поддршка за дете без родители или без родителска грижа, односно 1.468 денари дневно по корисник,
-28.527 денари месечно за живеење со повремено организирана поддршка на лица со попреченост, односно 935 денари дневно по корисник,
-39.363 денари месечно за живеење со дневна осум часовна поддршка на лица со попреченост, односно 1.291 денари дневно по корисник,
-50.199 денари месечно за 24 часовна поддршка на лица со попреченост, односно 1.646 денари дневно по корисник.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Третман и рехабилитација на лица со попреченост, лица кои имаат проблеми со зависности и други маргинализирани лица/Терапевтска заедница

-42.384 денари месечно по корисник за 24 часовна услуга или 1.390 денари на час по корисник

в) Услуги во заедницата

Центар за привремен престој

- 44.920 денари месечно за корисник на услуга во центар за привремен престој жртви на семејно насилство и центар за жртви на родово-базирано насилство, односно 1.473 денари месечно по корисник

-53.207 денари месечно за корисник на услуга во центар за привремен престој за жртви на трговија со луѓе, односно 1.744 денари дневно по корисник

-45.413 денари месечно за корисник на услуга во центар за привремен престој за жртви на трговија со луѓе, односно 1.489 денари дневно по корисник, без режиски трошоци.

Центар за дневен престој, центар за рехабилитација

-20.938 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој за деца во ризик по корисник, односно 952 денари дневно по корисник

-33.489 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој за лица со попреченост по корисник, односно 1.522 денари дневно по корисник

-1.411 денари за индивидуален третман во центар за дневен престој за лица со попреченост

- 16.996 денари месечно за корисник на дневна услуга во центар за рехабилитација и реинтеграција и центар за ресоцијализација, односно 773 денари дневно по корисник.

- 16.997 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој на стари лица, односно 773 дневно по корисник.

- 10.092 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој на стари лица со активно стареење, односно 459 дневно по корисник

- 18.714 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој за бездомни лица, односно 851 денари дневно по корисник.

г) Услуги на стручна помош и поддршка

- 8.866 денари месечно за услуга стручна помош и поддршка на згрижувачки семејства.

д) Услуги на советување

- -Примарни услуги на советување:
- 1.223 денари за индивидуално советување на час по корисник,
- 330 денари за групно советување на час по корисник.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikes Sociale, Demografise dhe e te
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

- -Секундарни услуги на советување:
- 2.355 денари за индивидуално советување на час по корисник,
- 512 денари за групно советување на час по корисник

- -Терцијарни услуги на советување
- 3.060 денари за индивидуално советување на час по корисник, за психо-социјален третман на сторители на семејно насилство,
- 824 денари за групно советување на час по корисник психо-социјален третман на сторители на семејно насилство,
- 2.526 денари за индивидуално советување на час по корисник, за психо-социјален третман на жени жртви на насилство и семејно насилство и други специјализирани видови на советување,
- 675 денари за групно советување на час по корисник за психо-социјален третман на жени жртви на насилство и семејно насилство и други специјализирани видови на советување.

3. Потребни документи:

Подносителот ги доставува следните документи:

1. Пријава за аплицирање за обезбедување на услуги (препорачан формат е објавен на официјалната веб страница на министерството www.mtsp.gov.mk),
2. Полн назив и адреса на субјектите со јасно дефинирани активности во текот на реализацијата на програмата за давање на социјалната услуга за која се бара доделување на средства,
3. Програма за работа со детален опис на активностите и со конкретен работен план за имплементација и период на реализација на програмата за давање на социјалната услуга за годината која ќе се финансира, со кои ќе се обезбеди реализација на предвидените цели, активности и услуги дефинирани во јавниот конкурс со предвидени средства,
4. Листа со податоци за стручен кадар и лица ангажирани за давање на социјалната услуга,
5. Контакт податоци за одговорното лице/координатор за реализација на програмата за давање на социјална услуга (име, презиме, е-маил адреса и телефонски број),
6. Податоци за работното искуство во областа на социјалната заштита, согласно барањата и потребите од јавниот конкурс, остварено партнерство, меѓу секторска соработка и обезбедено кофинасирање (доколку има),
7. Доказ за воспоставен механизам за контрола на квалитетот на услугата и систем на поплака од клиентите (обрасци),
8. Годишен извештај за работа на здружението од претходната година, односно за 2025 година,

9. Уверение за платени даноци издадено од даночните органи на лиценцираниот давател на социјални услуги не постаро од шест месеци (оригинал или копија заверена на нотар),
10. Изјава од лиценцираниот давател на социјални услуги **заверена на нотар** дека нема добиено средства од друг државен орган или единица на локалната самоуправа за истите активности за давање на услугата,
11. Решение за давање дозвола за вршење работа во социјалната заштита и сите дополнителни измени кон истото (**оригинал или во копија заверена на нотар**)

4. Рокови за спроведување на постапката:

Јавниот конкурс трае 5 работни дена од денот на објавувањето во дневниот весник.

Заинтересираните здруженија на граѓани и приватни даватели на социјални услуги можат пријавите да ги достават најдоцна до 16 часот на денот на истекот на рокот на конкурсот, односно најдоцна до 9 часот наредниот ден доколку последниот ден од конкурсот паѓа во неработен ден, преку архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади на адреса ул. „Даме Груев" бр.14, Скопје, во затворен плик, со назнака „За Јавниот конкурс за обезбедување на средства за давање на социјални услуги".

Пријавите кои ќе се поднесат по овој рок и со непотполна документација нема да се разгледуваат.

Комисијата за обезбедување средства, во рок од 30 дена по истекот на рокот за поднесување на пријавите, изготвува мислење до министерот за социјална политика, демографија и млади.

Министерот за социјална политика, демографија и млади по добивање на мислење од страна на Комисијата за обезбедување средства за социјални услуги од општините и другите даватели, донесува решение за доделување на средствата.

Министерот за социјална политика, демографија и млади ќе склучи Управен договор со кој се уредуваат меѓусебните права, обврски и одговорности во реализација на дадените средства, во рок од 15 дена од денот на конечноста на решението за доделување на средствата.

Здруженијата или приватните даватели на социјалните услуги кои ќе добијат средства од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, имаат обврска на сите материјали (печатени и електронски) кои ќе бидат продуцирани во рамки на испорака на услугата на видно место да стои:

Поддржано од:

Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk